Почитувани колеги студенти,

Ве информираме дека од **11.02.2019 година**, студентите, кои се подготвуваат за одбрана на дипломската работа, освен уредно заверената пријава за испит (хартија), треба да имаат и Извештај од Одделението за студентски прашања во кој е утврдено дека студентското досие е комплетирано (вклучително и она во Iknow системот).

Сите други востановени документи остануваат да важат:

**0. Пријава за дипломска работа - образец.**

(Обврска на судентот: образецот се симнува од интернет странцата на ИМ / Дипломска работа, која ја потпишува професорот откако ќе ја одбри/даде темата и се заверува во архива, а потоа се доставува повторно до предметниот професор.)

**1.** По положувањето на сите предмети предвидени со студиската програма (насока/модул), студентот поднесува **Барање за проверка на студентското досие** до Одделението за студентски прашања. Барањето може да се подигне од интернет страницата на Факултетот, односно Институтот, при што треба уредно да се пополни. Добиениот извештај од проверката на досието му се доставува на менторот на дипломската работа заедно со пријавата за испит (хартија) на денот на одбраната. Без доставен Извештај од проверката на досието, одбраната на дипломската работа нема да се спроведе, т.е. ќе се одложи.

**2. Пријава за испит (хартија)** - се носи пополнета на данот на одбаната со уредно уплатена административна такса. (Обврска на студентот.)

**3. Решение за изработка на дипломски труд.** (Не е обврска на студентот.)

**4. Решение за избор на комисија за одбрана.** (Не е обврска на студентот.)

**5. Извештај за успешно обранет дипломски труд.** (Не е обврска на студентот.)

**7. На одбраната студентот задолжително носи и индекс.** (Обврска на студентот)

**Потсетување:** Студентот може да пријави дипломски труд доколку има освоено минимум 200 ЕКТС-кредити на четиригодишните студиски програми, односно 140 ЕКТС- кредити на тригодишните студиски програми.

Одделение за студентски прашања на ПМФ